Здружение за еманципација,
солидарност и еднаквост
на жените - ЕСЕ
www.esem.org.mk

Извештај во сенка за спроведување на приоритет 3 (слобода на информации) и приоритет 5 (ефикасност во управувањето со јавните ресурси – фискална транспарентност) од Акцискиот план за отворено владино партнерство за периодот јули 2016 до октомври 2017 година

# ДАЛИ И КОЛКУ АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ОТВОРЕНО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО ЗА 2016 – 2018 ГОДИНА ДОПРИНЕСЕ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР И УНАПРЕДУВАЊЕ НА НИВОТО НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ?

Овој извештај дава краток осврт на значењето, историјатот и развојот на иницијативата за Отворено владино партнество (ОВП), досегашните постигнувања, проблеми и предизвици во спроведувањето на иницијативата кај, нас како и клучните препораки за негово натамошно унапредување. Односно, извештајот дава осврт на степенот на спроведување на активностите во надлежност на јавните институции предвидени со Акцискиот план за отворено владино партнерство 2016 – 2018 година во насока на унапредување на пристапот до информации од јавен карактер (приоритет 3) и активностите за унапредување на ефикасноста во управувањето со јавните ресурси или фискалната транспарентност (приоритет 5) за периодот од јули, 2016 до октомври, 2017 година. Исто така, дава осврт и на постигнувањата и недостатоците во реализацијата на мерките предвидени со акцискиот план.

Спроведувањето на процесот на ОВП го карактеризираат два спротивставени тренда. Па така, од една страна има позитивен тренд на експанзија на иницијативи за отворени податоци; нови и подобри законски решенија за пристап до информации; нови начини за информирање, вклучување и изразување преку социјални медиуми и технологија; развивање на меѓународни стандарди како што се стандардите за фискална транспарентност, транспарентност при експлоатација на природни ресурси и транспарентност во примање и обезбедување на странска помош итн.

Од друга страна, присутен е негативен тренд на континуирано опаѓање на довербата во јавните институции; намалување на степенот на уживање на основните човекови права и ниско ниво на вклученост на граѓаните во општествениот развој.



Градењето на партнерство меѓу државните институции и граѓаните/граѓанскиот и бизнис секторот е клучна вредност на која се темели ОВП. Оваа иницијатива подразбира креирање и спроведување на мерки кои значат унапредување на веќе постигнатиот степен на транспарентност, отчетност и одговорност на јавните институции. Честопати ОВП се поврзува со развојот на софистицирани технички решенија за споделување на информации со кои располагаат јавните институции и иницирање на процеси за консултации со граѓаните, но, тој всушност подразбира нешто повеќе. Имено, тој претставува процес во кој Владата во партнерство со граѓанските организации ги признава и прифаќа секојдневните проблеми со кои се соочуваат граѓаните, утврдува приоритети и предвидува мерки за спроведување на истите при што им овозможува на граѓаните да се вклучат во планирањето, спроведувањето и проценката на спроведеното од страна на државата.

ОВП беше иницирaн во 2011 година од страна на осум земји и осум меѓународни граѓански организации, како заедничко партнерство за унапредување на владината транспарентност, отчетност и одговорност. Денес, во иницијативата учествуваат 65 земји и голем број на граѓански организации кои претставуваат лидери во спроведување на реформи и застапници на максимата дека јавните институции се ефикасни и ефективни онолку колку што се отворени за предлози и критика од јавноста. Досега, се развиени 99 заеднички акциски планови и предвидени се 2.000 поединечни национални реформи. Само 25% од овие реформски зафати се започнати и целосно реализирани.




Буквата П во насловот на иницијативата ОВП е од круцијално значење. Имено, без постоење на партнерство и тоа партнерство со граѓанскиот сектор не може да постои успешен ОВП процес. Но, граѓанските организации не треба само да учествуваат во подготовка на планот, туку треба да вршат и притисок со цел имплементација на мерките предвидени со акцискиот план. Оттаму, од посебно значење е експертизата, отвореноста за соработка и флексибилноста на граѓанските организации. Успешниот ОВП процес подразбира и избегнување на сложени бирократски постапки и можност за практични и брзи решенија со цел надминување на секојдневните проблеми, елиминирање на ексклузивноста при донесувањето на одлуки и рамномерно распределување на моќта меѓу сите учесници во процесот. Од не помало значење за успешноста на овој процес се и ставот и размислувањата на претставниците на јавните институции. Имено, тие честопати сметаат дека имаат ексклузивно право да одлучуваат за тоа што е најдобро за граѓаните, при што информациите од јавен карактер со кои располагаат ги третираат како лична сопственост. Затоа за успешноста на ОВП генерално и особено кај нас е особено важна прагматичноста при подготовка на идните мерки. И на крај, една Влада која има реална намера да го спроведе акцискиот план и со тоа има реална намера да го зголеми нивото на отвореност, треба да обезбеди соодветен износ на буџетски средства за спроведување на планираните мерки.

Македонија се приклучи кон оваа иницијатива од самиот почеток, во ноември 2011 година. Досега, развиени и усвоени се три акциски планови за Отворено владино партнерство. Односно, во мај 2012 година без партнерство со граѓанскиот сектор се усвои првиот план. Вториот акциски план е донесен во мај 2014 година, а пак третиот во јуни 2016 година. И во двата последни процеси беа вклучени дел од граѓанските организации.




**Прв акциски план:** мај 2012 година, без партнерство со граѓанскиот сектор

**Втор акциски план:** мај 2014 година, заедно во партнерство со граѓанскиот сектор

**Трет акциски план:** јуни 2016 година, заедно во партнерство со граѓанскиот сектор

Во голем дел мерките од акциските планови (зборуваме за приоритет 3 и приоритет 5 од акцискиот план во чие планирање и следење ЕСЕ директно учествува) претставуваат дел од основните надлежности на јавните институции и редовните програмски активности на граѓанските организации, односно станува збор за мерки кои по својата содржина не претставуваат унапредување на веќе постигнатите резултати и постоечкото ниво на отвореност на владините институции, туку спроведување на активности кои веќе се спроведуваат и чии резултати се очекува да се остварат. Акциските планови содржат голем број на воопштени мерки, без притоа да се стави акцент на решавање на одредено конкретно прашање. Со ова се губи можноста за суштинско делување и решавање на идентификуваните проблеми. Начинот на кој пак се формулирани мерките не овозможува можност за следење и оценка на степенот на нивна реализација.

Учеството на граѓанските организации во процесот на подготовка на акцискиот план е ограничено. Имено, јавните институции се тие кои во процесот ги поставуваат правилата на игра и одлучуваат дали тоа што го предлагаат граѓанските организации треба или не треба да се реализира. Дополнителна слабост на процесот е ниското ниво на информираност на јавните институции и граѓанските организации за постоењето и значењето на иницијативата за ОВП. Па така, некои од јавните институции дури не се ни информирани дека се носители на мерките предвидени со акциските планови. Дополнително, отсуствува координација меѓу јавните институции, граѓанскиот сектор и меѓу јавниот и граѓанскиот сектор во процесот на подготовка и при имплементација на истите. По усвојувањето на акциските планови беа формирани работни групи за следење на имплементацијата на акциските планови и истите се сретнаа еднаш до два пати во текот на 2016 и 2017 година. Наместо за консултации и изнаоѓање на заеднички решенија за реализација на планираните мерки, средбите беа користени од претставниците на јавните институции за образложување дека планираните мерки не можат да бидат реализирани онака како што се предвидени.

## Со цел да се унапреди процесот предлагаме:

1. да се прошири кругот на учесници во процесот, односно да се вклучат повеќе јавни институции, како што се министерства, Собранието, судските органи, единиците на локална самоуправа итн. Исто така, има потреба од вклучување на повеќе граѓански организации;

2. да се зајакне партнерство и довербата меѓу јавните институции и граѓанскиот сектор како рамноправни партнери;

3. Акцискиот план да се фокусира на мерки кои се јасно поврзани со потребите на граѓаните и со тоа што тие го сметаат за важно. Односно, да живееме во реалноста и да ги адресираме секојдневните проблеми;

4. да се утврдат приоритети и реално остварливи мерки, со што ќе се зголеми ефикасноста во спроведувањето на планот;

5. да се напушти сегашниот начин на формулирање на мерките од планот, односно во иднина за секоја од предвидените мерките да се формулираат индикатори според кои ќе се мери нивното спроведување;

6. да се избегнува вклучувањето на основните и редовни надлежности на јавните институции како дел од мерките и да се оди чекор понапред во предвидување на мерки кои значат унапредување на сегашната состојба.

**Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2016 – 2018 година е поделен на осум области/приоритети и предвидува спроведување на 34 мерки и 100 достигнувања.**




Графикон 1. Број на достигнувања во рамки на утврдените приоритети предвидени со усвоениот Акциски план за отворено владино партнерство 2016 – 2018 година.

# НИВО НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ




**завршени мерки**
мерки што се во целост реализирани

**делумно спроведени мерки**
мерки што се само започнати

**мерки што не се воопшто започнати**

**мерки во напредна фаза на реализација**
мерки што се чекор до целосна реализација

**мерки што се официјално повлечени од акцискиот план**
мерки што со одлука на Владата на Република Македонија се повлечени од акцискиот план

**мерки за кои не може да се утврди степенот на реализација од информациите добиени од јавните институции и граѓанските организации**
мерки што не се јавно утврдени или пак немаат развиено индикатор за мерење на нивната успешност

Графикон 2. Ниво на спроведување на мерките предвидени со приоритет 3 (слобода на информации) од Акцискиот план за 2016 – 2018 година




**завршени мерки**
мерки што се во целост реализирани

**делумно спроведени мерки**
мерки што се само започнати

**мерки што не се воопшто започнати**

**мерки во напредна фаза на реализација**
мерки што се чекор до целосна реализација

**мерки што се официјално повлечени од акцискиот план**
мерки што со одлука на Владата на Република Македонија се повлечени од акцискиот план

**мерки за кои не може да се утврди степенот на реализација од информациите добиени од јавните институции и граѓанските организации**
мерки што не се јавно утврдени или пак немаат развиено индикатор за мерење на нивната успешност

Графикон 3. Ниво на спроведување на мерките предвидени со приоритет 5 (ефикасно управување со јавните ресурси – фискална транспарентност) од Акцискиот план за 2016 – 2018 година

1 Нивото на реализација е утврдено врз база на податоците кои ЕСЕ ги доби во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер, преглед на јавно достапните информации и учество во работните групи за следење на имплементацијата на приоритет 3 и 5 од Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2016 – 2018 година.

# ДЕТАЛЕН ПРИКАЗ НА НИВОТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА МЕРКИТЕ

## Проактивно објавување на информации од јавен карактер

**незапочната**

Подготовка на Упатство за проактивност на објавување на информации од јавен карактер.

**незапочната**

Препорака за проактивност подготвена од Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**незапочната**

Објавување на веќе побарани/дадени информации од јавен карактер на нивните веб локации.

**незапочната**

Индекс на следење на проактивност за објавување на информации од јавен карактер на веб локациите на имателите.

Одговорни институции за реализација

- Комисија за заштита на правото за пристап до информации од јавен карактер (во натамошен текст Комисија за ЗПСПИЈК);
- Влада на Република Македонија;
- министерства;
- органи во состав;
- општини во Република Македонија; и други иматели на информации.

## Мерки за зголемување на пристапот до информации од јавен карактер

**незапочната**

Обуки за функционерите или раководните лица врз основа на утврдени слабости во примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Комисија за ЗПСПИЈК

**незапочната**

Следење на спроведувањето на „тестот на штетност„ како законска обврска од страна на имателите.

Комисија за ЗПСПИЈК

**незапочната**

Прирачник за спроведување на тестот на штетност.

Комисија за ЗПСПИЈК

**незапочната**

Промовирање на електронското поднесување на барањата за пристап до информациите од јавен карактер.

Комисија за ЗПСПИЈК

## Развивање и спроведување на медиумска кампања за промоција на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер

**незапочната**

Формирање на работна група за подготовка и дефинирање на план за спроведување на кампањата.

Комисија за ЗПСПИЈК

**незапочната**

Спроведување на развиениот план за кампањата.

Комисија за ЗПСПИЈК

**незапочната**

Кампањата ќе има цел да ги запознае граѓаните за правата кои произлегуваат од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и јавните институции за обврската за проактивност и реактивност во нивното работење.

Комисија за ЗПСПИЈК

**реализирана**

реализирани мерки – мерки што се завршени во временскиот рок утврден со Акцискиот план

**со задоцнување**

реализирани мерки со задоцнување – мерки што се завршени во период подолг од утврдениот со Акцискиот план

**незапочната**

нереализирани мерки – мерки кои не се реализирани во периодот утврден со Акцискиот план, односно сеуште се реализираат или пак воопшто не се започнати

Графикон 3. Ниво на спроведување на мерките предвидени со приоритет 5 (ефикасно управување со јавните ресурси – фискална транспарентност) од Акцискиот план за 2016 – 2018 година

## Ефикасно управување со јавните ресурси (фискална транспарентност)

**реализирана**

Подготвување и објавување на граѓански буџет (Министерство за финансии)

Министерство за финансии

**незапочната**

Објавување на проекција на приходите и расходите на Буџетот на РМ за тековната година по квартали на почетокот на годината (Министерство за финансии)

Министерство за финансии

**реализирана**

Објавување на полугодишен извештај за извршување на Буџетот на РМ на веб страната на Министерството за финансии по усвојување од страна на Владата на РМ.

Министерство за финансии

**со задоцнување**

Подготовка и објавување на полугодишни и годишни извештаи за буџетско и програмско спроведување на 20 програми за превентивна и куративна здравствена заштита финансирани од Буџетот на Министерството за здравство со техничка помош и поддршка од ЕСЕ.

Министерство за здравство

**незапочната**

Кампања за информирање на граѓаните за достапноста на овие податоци и како истите можат да им користат.

Министерство за здравство

**незапочната**

Задолжително објавување на Годишен план за јавни набавки најдоцна до 15 февруари во тековната година на интернет страницата на договорниот орган, како и на ажурираните верзии на планот со измените и дополнувањата во текот на годината.

Биро за јавни набавки

**незапочната**

Задолжително објавување на огласите за јавни набавки со поставување на линк до огласот кој е објавен на ЕСЈН.

Биро за јавни набавки

**незапочната**

Задолжително објавување на известување за реализиран договор со поставување на линк до пополнето вакво известување на ЕСЈН.

Биро за јавни набавки

**незапочната**

Задолжително објавување на известувањата за склучените договори со поставување на линк до соодветните известувања на ЕСЈН.

Биро за јавни набавки

**реализирана**

Утврдување на транспарентен процес и објективни критериуми за вклучување на претставници на здруженијата и фондациите во секторските работни групи.

Секретаријат за европски прашања

**реализирана**

Објавување Рамката за координација на ИПА2 на веб странета на Секретаријатот за европски прашања.

Секретаријат за европски прашања

**реализирана**

Вклучување на претставници на граѓанскиот сектор во работата на сите секторските групи од страна на релевантните институции врз основа на транспарентен процес и објективни критериуми

Секретаријат за европски прашања

**незапочната**

Објавување на:

- листа на јавни институции од Република Македонија кои аплицирале и добиле средства од ОРИО Програмата;
- договорите потпишани помеѓу институциите апликанти од РМ и Кралството Холандија;
- целокупната апликација во која детално се наведени целите и текот на проектите финансирани преку оваа Програма ОРИО;
- информации за статусот во кој се наоѓа проектот (развојна фаза, фаза на имплементација и фаза на одржување)
- податоци на полугодишно ниво за вкупно добиени и искористени средства во текот на проектниот период

Секретаријат за европски прашања

**реализирана**

Објавување на регистар во вид на табела во кој ќе бидат наведени следните податоци: Назив на концесионерот, број и датум на договор, вид на минерална суровина, општина во кое се врши концесиската дејност и површина на концесискиот простор.

Министерство за економија

**незапочната**

Спроведување на обука на 10 лица од Министерството за здравство и од селектираните јавни здравствени установи за имплементирање на методологиите за социјална отчетност.

Министерство за здравство

**незапочната**

Селектирање на една превентивна или куративна програма на која ќе се примени селектирната методологија за социјална отчетност.

Министерство за здравство

**незапочната**

Подготовка на план за пилотирање и пилотирање на методологијата за социјална отчетност на селектираната програма.

Министерство за здравство

**незапочната**

Објавување на податоци на квартално ниво за висина на доделена државна и странска помош во земјоделството по Програма, основ/мерка, локација.

Агенција за Финансиска Поддршка на Земјоделството и Руралниот Развој

**незапочната**

Објавување на податоци на висина на државна помош за странски инвестиции по сите основи по кои истата е предвидена.

- Дирекција за технолошки индустриски развојни зони,
- Комисија за заштита на корупција,
- Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот

**реализирана**

реализирани мерки – мерки што се завршени во временскиот рок утврден со Акцискиот план

**со задоцнување**

реализирани мерки со задоцнување – мерки што се завршени во период подолг од утврдениот со Акцискиот план

**незапочната**

нереализирани мерки – мерки кои не се реализирани во периодот утврден со Акцискиот план, односно сеуште се реализираат или пак воопшто не се започнати



Графикон 7. Степен на реализација на мерките од приоритетот 5 од Акцискиот план за отворено владино партнерство согласно со препораките утврдени со Водичот за отворена влада

# НАВРЕМЕНОСТ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ




Графикон 4. Ниво на исполнување на роковите за спроведување на мерките предвидени во приоритет 3 од Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2016 – 2018 година




Графикон 5. Ниво на исполнување на роковите за спроведување на мерките предвидени во приоритет 5 (ефикасно управување со јавните ресурси – фискална транспарентност) од Акцискиот план за 2016 – 2018 година

## ЛИНКОВИ ДО СКЕНИРАНИТЕ ОДГОВОРИ ОД ИНСТИТУЦИИТЕ ДОБИЕНИ ВО ПОСТАПКА ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ

- Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој
- Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот
- Биро за јавни набавки
- Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер
- Министерство за економија
- Министерство за финансии
- Министерство за земјоделство
- Секретаријат за европски прашања
- Државна комисија за спречување на корупција


Финансиски поддржано од:
FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA / ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА
OPEN SOCIETY FOUNDATIONS